Microsoft

```
app.MapGet("/trust/complete", async (TrustedDb db) =>
    await db.TrustCode.Where(t => t.IsComplete).ToListAsync());

app.MapGet("/trust/incomplete", async (TrustedDb db) =>
    await db.TrustCode.Where(t =>!t.IsComplete).ToListAsync());

app.MapGet("trust/{id}"), async (int id, TrustedDb db) =>
    await db.TrustCode.FindAsync(id) is Trusted trust
        ? Results.Ok(trust)
        : Results.NotFound());

app.MapPost("/trust", async (Trusted trust, TrustedDb db) =>
{
    if (!MinimalValidation.TryValidate(trust, out var violations))
        return Results.ValidationProblem(violations);

    db. TrustCode.Add(trust);
    await db.SaveChangesAsync();

    return Results.Created($"/trust/{trust.Id}", trust);
});
```

# TRUST CODE

## СТАНДАРДИ НА MICROSOFT ЗА ДЕЛОВНО ОДНЕСУВАЊЕ

```
app.MapDelete("/trust/delete-all", async (TrustedDb db) =>
    Results.Ok(await db.Database.ExecuteSqlRawAsync("DELETE FROM TrustCode")));

app.Run();

Task EnsureDB(string connectionString)
{
    var options = new
    DbContextOptionsBuilder<TrustedDb>().UseSqlite(connectionString).Options;
    using var db = new TrustedDb(options);
    return db.Database.MigrateAsync();
}

enum Courses
{
    Accessibility,
    CompetingFairly,
    DigitalSafety,
    EthicalSelling,
    GlobalReadiness,
    InsiderTrading,
    ModelCoachCare,
    ResponsibleAI,
    Privacy,
    SecurityZeroTrust
}
```

Тиму,

Секој од нас ја обликува нашата култура низ нашите зборови и дела. Се стремиме да изградиме разнолика и инклузивна култура што опфаќа учење и поттикнува доверба – култура каде што секој вработен може да даде сè од себе.

Донесувањето добри одлуки и правењето етички избори во нашата работа гради меѓусебна доверба и доверба кај нашите клиенти и партнери. Никогаш не треба да го загрозувате вашиот личен интегритет или реномето и довербата на Microsoft во замена за каква било краткотрајна добивка.

Поверојатно е да донесеме етички избори кога интегритетот, чесноста и усогласеноста го водат нашето одлучување. Секогаш треба да бидеме транспарентни околу нашите мотиви, да учиме од нашите грешки и да бараме помош кога сме соочени со тешка ситуација. Очекувам водачите и раководителите да поттикнуваат култура каде што вработените се чувствуваат слободни да поставуваат прашања и да предупредуваат кога нешто не изгледа во ред.

Нашите стандарди за деловно однесување (нашиот „кодекс на доверба“) ја нагласуваат улогата што секој од нас ја има во градењето доверба и пристапот што треба да го имате во одлучувањето. Кога ги применуваме овие принципи во нашата секојдневна работа, можеме да се движиме напред со доверба во нашата способност да донесуваме добри одлуки кои градат доверба и им даваат моќ на нашите клиенти и партнери да постигнуваат повеќе.

Многу ви благодарам.

**Сатја Надела**
Претседавач и ГИД



# СОДРЖИНА


**НАШАТА КУЛТУРА** И ВРЕДНОСТИ

- Нашата мисија
- Постигнете повеќе
- Користење на кодексот на доверба
- Пријавете проблем
- Улогата на раководителите
- Отворено зборување

**ДОВЕРБА** КАЈ НАШИТЕ КЛИЕНТИ

- Почитувајте ја приватноста
- Не вршете несоодветни исплати
- Натпреварувајте се чесно

**ДОВЕРБА** КАЈ ВЛАДИТЕ И ЗАЕДНИЦИТЕ

- Почитувајте ги законите ширум светот
- Дизајнирајте пристапни производи и услуги
- Почитувајте ги и промовирајте ги човековите права
- Развивање и употреба на одговорна ВИ

МЕЃУСЕБНА **ДОВЕРБА**

- Поттикнувајте различност и инклузија
- Избегнувајте конфликти на интерес
- Придонесувајте за безбедно и продуктивно работно место

**ДОВЕРБА** КАЈ НАШИТЕ ИНВЕСТИТОРИ И ЈАВНОСТА

- Не пренесувајте инсајдерски информации
- Одржувајте точна евиденција и договори
- Информирајте ја јавноста точно
- Штитете ги ресурсите на Microsoft
- Заштитувајте ги доверливите информации и интелектуалната сопственост

**ДОВЕРБА** КАЈ НАШИТЕ ЗАСТАПНИЦИ

- Однесувајте се одговорно кон подароците, гостопримството и патувањата
- Бирајте снабдувачи со интегритет
- Користете доверливи застапници

ПОЧИТУВАЊЕ НА НАШИОТ **КОДЕКС НА ДОВЕРБА**

- Почитување на нашиот кодекс на доверба

# ДОВЕРБА

## НАШАТА КУЛТУРА И ВРЕДНОСТИ


| | |
|---|---|
| Нашата мисија | 5 |
| Постигнете повеќе | 6 |
| Како да го користите кодексот на доверба | 7 |
| Како да пријавите проблем | 9 |
| Проговорете отворено кога нешто не е во ред | 10 |
| Улогата на раководителите | 12 |






# НАШАТА **МИСИЈА**

**Дајте им моќ на секое лице и на секоја организација на планетата да постигнат повеќе.**

# ПОСТИГНУВАЊЕ НА НАШАТА **МИСИЈА**

## НАШИТЕ ВРЕДНОСТИ

- Почит
- Интегритет
- Одговорност

## НАШАТА КУЛТУРА

- Менталитет на раст
- Ги следиме клиентите
- One Microsoft
- Различна и инклузивна
- Правиме разлика

Постигнете

# повеќе





## Како ја стекнуваме и градиме довербата?

Започнуваме со примена на нашата култура и вредности за да изградиме трајни односи внатре и надвор од Microsoft.

**Нашите вредности** се трајните принципи кои нè водат во извршувањето на работата со интегритет, стремејќи се да ја добиеме довербата секој ден.

**Нашата култура** е нашата работна рамка - кои сме и како се однесуваме.

## Стандарди за деловно однесување на Microsoft

Стандардите за деловно однесување на Microsoft (нашиот **„кодекс на доверба“**) ќе ви покажат како ќе ги искористиме нашата култура и вредности за да ја изградиме и зачуваме довербата кај нашите клиенти, владите, инвеститорите, партнерите, застапниците и меѓу себе, за да постигнеме повеќе заедно.

КАКО ДА ГО КОРИСТИТЕ КОДЕКСОТ НА ДОВЕРБА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ

# ДОБРИ ОДЛУКИ

**Донесувањето добри одлуки и правењето етички избори ја градат довербата меѓу секој од нас и кај луѓето со кои соработуваме.**

Но, не сите ситуации на кои наидувате се едноставни – како да го направите најдобриот избор кога се соочувате со тешки или нејасни околности? Како управувате со етичките дилеми?

Иако нашиот кодекс на доверба нема точно да ви каже што да правите во секоја ситуација, тој служи како водич за да ви **помогне да донесете добри одлуки и да управувате со тешки ситуации** каде што одговорот може да не е секогаш јасен.



# Кога се соочувате со тешка одлука или ситуација, следете ги овие чекори:



1

## ПОЧЕКАЈТЕ

Дали одредена ситуација ве обеспокојува? Дали вашите инстинкти ви кажуваат дека нешто не е сосема во ред?

**Почекајте и размислете како да ѝ пристапите на ситуацијата.**



2

## РАЗМИСЛЕТЕ

**Дали вашиот пристап е усогласен со културата на Microsoft и вредностите во кодексот на доверба?** Дали ја гради или одржува довербата? Никогаш не жртвувајте долготрајно реноме и доверба за краткотрајна придобивка.



3

## ПРАШАЈТЕ

**Поставете прашања и побарајте помош.** Разговарајте со CELA, одделот за финансии или одделот за човечки ресурси. Побарајте помош од вашиот раководител или од друг раководител. Овие ресурси се тука за да ви помогнат да ја донесете правилната одлука. **Испратете е-пошта на buscond@microsoft.com за помош.**

Проговорете отворено кога нешто не е во ред за да можеме да го решиме проблемот.

Пријавете проблем со интегритетот >

КАКО ДА
# ПРИЈАВИТЕ ПРОБЛЕМ

**Изнесувањето проблем треба да биде најлесно што може. Затоа постојат мноштво начини да ни кажете кога нешто не е во ред.**

Изберете ја опцијата за пријавување што ви е најзгодна за користење. Без разлика која опција ќе ја изберете, вашата тајност ќе биде заштитена.



Доколку е дозволено со законите на вашата земја, вашите пријави може да се поднесат анонимно преку нашата надворешна дежурна линија или може да побарате од тимот за усогласеност и етика да ја третира вашата пријава како анонимна.

**Веб** www.microsoftintegrity.com

**Факс** 1-425-708-7177

**Е-пошта** buscond@microsoft.com

**Телефон** 1-877-320-6738
**Меѓунар. На сметка на повиканиот**
+1-720-904-6844

**По пошта**

Business & Regulatory Investigations
Microsoft Corporation
One Microsoft Way
Redmond, WA 98052 United States

**Дополнителни ресурси**
Освен тоа, секогаш може да изнесете проблеми кај вашиот раководител, кој било раководител на Microsoft, одделот за човечки ресурси, одделот за финансии или CELA.

**На мобилен?** Скенирајте го овој QR-код за да ни испратите е-пошта.

SCAN ME

# ПРОГОВОРЕТЕ ОТВОРЕНО
## КОГА НЕШТО НЕ Е ВО РЕД

**Дел од градењето култура на доверба е да научите да проговорите отворено кога нешто не е во ред, за да можеме да го решиме проблемот.**

ИЗНЕСУВАЊЕ
## ПРОБЛЕМ СО ИНТЕГРИТЕТОТ

Не мора да ги имате сите податоци или да бидете сигурни дека нешто не е во ред за да изнесете проблем со интегритетот.

Ние се стремиме да се однесуваме кон вашите пријави сериозно, чесно и да дејствуваме брзо ако нешто треба да се поправи врз основа на тоа што ќе го дознаеме.





# ЗАБРАНУВАМЕ ОДМАЗДА

Потребна е храброст за да проговорите отворено кога нешто не е во ред. Разбираме дека можеби сте збунети или вознемирени. Затоа забрануваме одмазда. **Забрануваме одмазда за:**



Одбивање да направите нешто што го прекршува кодексот на доверба, политиките на Microsoft или законите, дури и ако вашето одбивање доведе до губење работа за Microsoft.



Изнесување проблем со најдобра намера за можно непристојно однесување.



Соработка со истрага.

Нашите политики го подложуваат на дисциплински мерки секој кој се одмаздува на вработен за вклучување во некои од овие активности, вклучувајќи и прекин на работниот однос.

!

# УЛОГАТА **НА РАКОВО-ДИТЕЛИТЕ**

**Како водач, имате посебна одговорност за поставување на културата и работната средина за вашиот тим.**



Начинот на кој донесувате одлуки и се справувате со проблемите, различните мислења, па дури и лошите вести, ќе ги постави темелите на довербата кај вашите тимови, клиенти и чинители. Вашиот успех и успехот на вашиот тим зависат од довербата што ја градите заедно.



## НАПРАВЕТЕ ГИ ОВИЕ ЕДНОСТАВНИ ЧЕКОРИ ЗА ДА ИЗГРАДИТЕ КУЛТУРА НА ДОВЕРБА И ИНТЕГРИТЕТ ВО ВАШИОТ ТИМ:

### Информирајте

Редовно информирајте го вашиот тим за важноста на етиката и интегритетот и бидете јасни дека очекувате работата да биде завршена етички.

### Давајте пример

Водете со пример, со моделирање на етичкото одлучување и доброто расудување.

### Прашувајте

Уверете се дека вашиот тим знае дека, за да бидат резултатите важни, тие мора да се постигнат на правилниот начин. Потоа, поставувајте прашања и задоволете се дека резултатите се постигнати на правилниот начин.

### Слушајте

Како раководител, важно е да ги подучувате и да покажувате внимателност за вашите тимови. Уверете се дека вашиот тим знае дека ќе слушате, дури и ако имаат нешто тешко да кажат.

# КАКО РАКОВОДИТЕЛИТЕ ТРЕБА ДА ПОСТАПУВААТ СО ПРОБЛЕМИТЕ

Ако ви пристапи некој со проблем, имате посебна одговорност да слушате и да дејствувате.  Правилното постапување со проблемите е важно за зачувување на довербата и за заштита на Microsoft.

**Ако некој изнесе проблем, следете ги овие чекори:**

Отстранете ги нештата што ви го одземаат вниманието и **слушајте** внимателно. **Заблагодарете му се на** лицето што проговорило отворено – запомнете дека тоа штотуку направило нешто тешко и многу важно за Microsoft.

Реагирајте со **почит** и гледајте на секој проблем **сериозно**, дури и ако не се согласувате. Покажете дека сте посветени на решавање на проблемот.

Преземете чекори за да ја заштитите тајноста на **лицето** – избегнувајте да разговарате за разговорот со други во вашиот тим.

Ако дознаете за проблем или забележите однесување што може да ја прекршува **политиката против малтретирање** и **против дискриминација**, мора навреме да стапите во контакт со AskHR.

Како раководител, треба да чувствувате моќ сами да ги решавате проблемите со ефикасноста, но треба **да ги ескалирате проблемите со интегритетот за деловна етика или непристојно однесување до одделот за деловни и регулаторни истраги на Microsoft.**

Ако имате прашање или не сте сигурни дали сами можете или треба да го решите проблемот, секогаш може да испратите е-пошта до алијасот на одделот за деловно однесување и усогласеност (buscond@microsoft.com) за совет.

Испратете е-пошта до одделот за деловно однесување и усогласеност >



**Проговорете отворено кога нешто не е во ред за да можеме да го решиме проблемот.**

Пријавете проблем со интегритетот >

Пријавување проблеми за политиката за непристојно однесување >

# ДОВЕРБА

## КАЈ НАШИТЕ КЛИЕНТИ

Почитувајте ја приватноста 18

Не вршете несоодветни исплати 19

Натпреварувајте се чесно 21





# При донесувањето одлуки, запрашајте се, дали тоа ја гради или ѝ наштетува на нашата доверба кај клиентите?



Нашата способност **да ги соединуваме луѓето и организациите таму каде што се**, со тоа што сакаат и што им треба, е нашата патека кон успехот.

Нашите клиенти мора да бидат во центарот на сè што правиме. **Барајте начини да ги ангажирате нашите клиенти**, залагајте се за нив и давајте им моќ да постигнат повеќе.







# ПОЧИТУВАЈТЕ ЈА **ПРИВАТ-НОСТА**

Ја почитуваме приватноста со тоа што сме транспарентни за начинот на кој постапуваме со податоците на клиентите, вклучувајќи ги и личните податоци.

Сакаме нашите клиенти да ни веруваат за да ја заштитиме нивната приватност и да ги користиме нивните податоци на начините што ни ги дозволуваат.

## <Како ја почитуваме приватноста>

Со следење на локалните закони за приватност и заштита на податоците

Со давање јасни и точни напомени за приватност при собирање или обработка на личните податоци, вклучувајќи ги и личните податоци на вработените.

Со почитување на изборите за приватност со користење на податоците на клиентите за да ги испорачаме услугите за кои клиентите дале согласност.

Со заштита на податоците на нашите клиенти преку градење безбедни производи и услуги.

**Дознајте повеќе така што ќе кликнете на врските подолу ↓**

- Политика за приватност (само за интерна употреба) >
- Принципи на приватност >



```
app.MapGet("/trust/incomplete", async (TrustedDb db) =>
await db.TrustCode.Where(t =>!t.IsComplete).ToListAsync());

app.MapGet("trust/{id}"), async (int id, TrustedDb db) =>
await db.TrustCode.FindAsync(id) is Trusted trust
? Results.Ok(trust)
: Results.NotFound());
```

# НЕ ВРШЕТЕ НЕСООДВЕТНИ ИСПЛАТИ

**Посветени сме на искрена и транспарентна соработка со клиентите и забрануваме секаков обид да се влијае врз нивните одлуки преку несоодветни исплати.**

Корупцијата може да им наштети на нашите клиенти на многу начини, вклучувајќи го и тоа што понекогаш ќе бидат приморани да платат повеќе отколку што треба.

Стекнувањето и зачувувањето на довербата на клиентите секој ден е поважно од која било придобивка што може да ја добиеме од неправилното работење. Во некои делови на светот, плаќањето поткупи за добивање работа може да биде нешто што другите го прават. Ние ги забрануваме.

Попрво би ја изгубиле работата отколку да ја добиеме преку поткуп, мито или друга несоодветна придобивка.



# <Како ја градиме довербата>

Со одбивање да понудиме или платиме поткуп или мито кому било.

Со забрана на коруптивни исплати од секаков тип, вклучувајќи и исплати за добивање дозволи или одобренија, како и мали исплати за забрзување на рутински владин процес (често познати како „олеснителна исплата“).

Кај секоја зделка, ќе избегнуваме скриени услови или спогодби и ќе ја намалиме сложеноста секаде каде што е можно, бидејќи транспарентните деловни зделки го намалуваат ризикот од поткуп или мито.

Со користење партнери кои имаат реноме за интегритет и со пријавување знаци дека одреден застапник е неетички или можеби плаќа поткуп.

Со уверување дека какви било подароци, гостопримство или патување што ги нудиме на владини службеници или клиенти се разумни и соодветни, и однапред одобрени, доколку треба.

Со вработување кандидати врз основа на нивните квалитети и со тоа што не донесуваме одлуки за вработување од кои корист ќе имаат клиент или владин службеник.

Ако дадеме добротворни донации, ќе го направиме тоа за да поддржиме легитимна добротворна кауза, не како дел од размена на услуги.


Политика против корупција >

Давање подароци, гостопримство и патувања на владини службеници **(само за интерна употреба)** >

Посветеност против корупцијата и против поткупот >



# НАТПРЕВА-РУВАЈТЕ СЕ ЧЕСНО

**Начинот на кој се натпреваруваме е исто толку важен колку и резултатот што го постигнуваме.**

Здравата конкуренција и чесните деловни практики ги ставаат нашите клиенти на прво место давајќи им пристап до мноштво производи и услуги по фер цени. Чесното натпреварување гарантира дека ги исполнуваме нашите деловни цели при што нашиот интегритет останува недопрен.

## <Како се натпреваруваме чесно>

> Со избегнување секакви официјални или неофицијални договори со конкурентите што ја ограничуваат конкуренцијата.

> Со почитување на процесите на конкурентско наддавање и со неместење на резултатите или помагање на некој друг да го направи тоа.

> Со недиктирање на цените што нашите независни продажни партнери им ги наплаќаат на нивните клиенти.

> Со собирање конкуретски разузнавачки информации само со користење соодветни ресурси, кои се чесни, и не даваат погрешна слика за тоа кои сме ние.

Дознајте повеќе така што ќе кликнете на врските подолу

Политика за чесна конкурентност (само за интерна употреба) >

Политика за конкурентски разузнавачки информации (само за интерна употреба) >

# ДОВЕРБА

## КАЈ ВЛАДИТЕ И ЗАЕДНИЦИТЕ




Почитувајте ги законите ширум светот 23

Дизајнирајте пристапни производи и услуги 25

Почитувајте ги и промовирајте ги човековите права 26

Развивање и употреба на одговорна ВИ 27

**При донесување одлуки, запрашајте се: дали ова ја поттикнува довербата кај владите и заедниците?**

Постигнувањето на нашата мисија зависи од тоа владите и заедниците да знаат дека ќе ги следиме законите и обичаите на земјите каде што работиме и ќе ги почитуваме човековите права ширум светот.



# ПОЧИТУВАЈТЕ ГИ ЗАКОНИТЕ
## ШИРУМ СВЕТОТ

**Ние работиме ширум светот и сме посветени на почитување на законите секаде каде што работиме.**

Тоа ни помага да градиме доверба кај владите, да ги зајакнуваме заедниците каде што живееме и работиме и да придонесуваме за фер општество каде што ја користиме заштитата на истите тие закони.

```
app.MapGet("/trust/{id}",    async.   (int id,TrustedDb db) =>
       await db.TrustCode.FindAsync(id) is Trusted trust
            ?  Results.Ok(trust)
            :  Results.NotFound());
```







# <Како ги почитуваме законите ширум светот>

Со почитување и усогласување со светските трговски контроли и економски санкции што ни забрануваат да работиме со одредени земји, влади, субјекти и лица.

Со тоа што сме искрени и транспарентни во нашите разговори со владините претставници и службеници.

Со веродостојно, соодветно и брзо одговарање на владините барања за информации.

Со почитување и усогласување со законите што го регулираат начинот на кој нашата технологија може да се дистрибуира и користи меѓународно.

Со следење на законите и прописите на САД и на сите места каде што работиме.



# ДИЗАЈНИРАЈТЕ ПРИСТАПНИ
## ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

**Му даваме приоритет на инклузивниот дизајн во развојот на нашите производи и услуги.**

Со повеќе од една милијарда луѓе со попречености ширум светот, имаме можност и одговорност да дизајнираме инклузивно. Инвестирањето во пристапноста му помага на Microsoft да ги поддржува своите клиенти за да ги исполни целите за инклузија. Веруваме дека нема ограничувања на она што можат луѓето да го постигнат кога технологијата ја отсликува различноста на секој што ја користи.

## <Како дизајнираме пристапно>

Со вклучување и учење од луѓето со опсег на перспективи, инклузивно дизајнирање и ставање на луѓето во центарот од самиот почеток на процесот на дизајнирање.

Со овозможување нашите производи да бидат пристапни за сите корисници, вклучувајќи ги и корисниците со попречености на видот, слухот, учењето, движењето, менталното здравје, попречености поврзани со возраста и попречености на говорот.

**Портал за пристапност** (само за интерна употреба) >

**Академија за пристапност** (само за интерна употреба) >

**Политика за пристапност** (само за интерна употреба) >

ПОЧИТУВАЈТЕ ГИ И ПРОМОВИРАЈТЕ ГИ

# ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

**Посветени сме на почитување и промовирање на човековите права** за да им дадеме моќ на луѓето ширум светот да ја користат технологијата за доброто на човештвото.

**<Како ги почитуваме и промовираме човековите права>**



Ние го почитуваме правото и се залагаме за негово владеење и за човековите права според меѓународните закони, принципи и норми.



Веруваме дека на долг рок, нашето присуство и одговорната работа со луѓето, владите и другите чинители во земјите со значителни предизвици со човековите права честопати даваат поголемо ветување за унапредувањето на човековите права.



Кога се соочуваме со барања од владите да испорачаме кориснички податоци или содржина на далечина, проверуваме дали владините барања се важечки, обврзувачки и дали на друг начин се усогласени со владеењето на правото.



Спроведуваме длабинска анализа за да го процениме влијанието на нашите технологии врз човековите права. Учиме од чинителите да го преиспитаме нашето размислување, ги развиваме и усовршуваме нашите политики и практики и ги подобруваме нашите технологии и начинот на кој ги испорачуваме за да ја исполниме нашата обврска кон човековите права.

Нашата посветеност на човековите права >

# РАЗВИВАЊЕ И УПОТРЕБА НА **ОДГОВОРНА ВИ**

**Посветени сме на развој и употреба на технологиите за вештачка интелигенција (ВИ) на начин што е усогласен со нашите принципи за ВИ, одговорни стандарди за ВИ, мисијата на нашата компанија, вредностите и посветеноста кон човековите права.**

Се стремиме кон создавање системи на коишто луѓето можат да им веруваат. Ова значи да се одржуваат луѓето и нивните цели во центарот на донесувањето одлуки за дизајнот и почитување трајни вредности како праведност, веродостојност и безбедност, приватност и сигурност, инклузивност, транспарентност и одговорност.



## <Како развиваме и употребуваме одговорна ВИ>

Со следење на **Стандардот на Microsoft за одговорна ВИ** при развивање и употреба на технологиите за ВИ.

Со пријавување на **Чувствителните користења** во Одделот за одговорна ВИ и следење на упатствата што ги добивате.

Со **барање помош** кога ви се потребни дополнителни насоки.

### Дознајте повеќе, така што ќе кликнете на врските подолу

- Оддел за одговорна ВИ (само интерно)
- Правила на Microsoft за одговорна ВИ (само интерно)
- Пријавување чувствително користење (само интерно)
- Правила на Microsoft за одговорна ВИ
- Стандард на Microsoft за одговорна ВИ





Меѓусебна

# ДОВЕРБА


Поттикнувајте различност и инклузија 30

Безбедно и продуктивно работно место 32

Избегнувајте конфликти на интерес 34


**При донесување одлуки, запрашајте се: дали ова го подобрува начинот на кој работиме заедно како One Microsoft?**

Најголемите придонеси доаѓаат од **тимови кои си веруваат меѓу себе** – оние кои може да бидат отворени, искрени и конструктивни меѓу себе.

Сите ние треба да работиме заедно за да развиваме атмосфера на заедничко почитување, инклузија и соработка.



ПОТТИКНУВАЈТЕ

# РАЗЛИЧНОСТ И ИНКЛУЗИЈА

**Работиме подобро заедно заради нашите разлики, не и покрај нив.**

Веруваме дека најдобро служиме секому на планетата и ја збогатуваме нашата сопствена култура преку различните вештини, искуства и образование што ги носи секој од нас.



## <Како ги поттикнуваме различноста и инклузијата>

**Со давање еднакви можности за вработување** на сите квалификувани кандидати и вработени.

Со тоа што остануваме **посветени на ангажирање луѓе со попречености и со обезбедување прифатливо сместување** за квалификуваните вработени.

Со **испитување на нашите несвесни предрасуди** и со преземање чекори за создавање инклузивна култура во која секој вработен се чувствува добредојден.

Со недискриминирање врз основа на возраст, потекло, боја, отсуство за семејство или здравствена нега, родов идентитет или изразување, генетски информации, брачен статус, медицинска состојба, национално потекло, физичка или ментална попреченост, политичко здружување, заштитен статус на ветеран, раса, религија, пол (вклучувајќи и бременост), сексуална ориентација или кои било други карактеристики заштитени со важечките закони, прописи и уредби.





Дознајте повеќе така што ќе кликнете на врските подолу ↓

Различност и инклузија на светско ниво >

**Политика за еднакви можности за вработување** (само за интерна употреба) >



ПРИДОНЕСУВАЈТЕ ЗА

# БЕЗБЕДНО И ПРОДУКТИВНО РАБОТНО МЕСТО

Посветени сме на работна средина што дава моќ секому да даде сè од себе. Безбедно работно место инспирира доверба и ни дозволува на сите нас да придонесуваме и да успееме.

**Дискриминацијата, малтретирањето и небезбедните работни услови го минимизираат тоа што можеме да го постигнеме заедно.**

Дознајте повеќе така што ќе кликнете на врските подолу ↓

**Политика против малтретирање и дискриминација**
(само за интерна употреба) >

**Политика за забава**
(само за интерна употреба) >

**Политика за насилство на работното место**
(само за интерна употреба) >

**Политика за работно место без дрога**
(само за интерна употреба) >




## <Како придонесуваме за безбедно и продуктивно работно место>

Со интегрирање темелни безбедносни и здравствени практики во нашата работа и со усогласување со прописите за безбедно работно место.

Со однесување кон другите со почит и со нетолерирање на малтретирањето и дискриминацијата.

Со решавање на проблемите со почит и со тоа што никогаш не прибегнуваме кон акти или закани со насилство.

Со неработење под влијание на дрога и алкохол.

# ИЗБЕГНУВАЈТЕ КОНФЛИКТИ
## НА ИНТЕРЕС



До конфликти на интерес може да дојде кога нашите лични односи или финансиски интереси се преклопуваат со нашите работни обврски.

Ако внимателно не управуваме со можните конфликти на интерес, овие ситуации може да влијаат врз одлуките што ги донесуваме, да ја истрошат довербата во рамките на тимовите и да му наштетат на реномето на Microsoft.

## <Како избегнуваме конфликти на интерес>



Со делување во најдобар интерес на Microsoft.



Со избегнување или повлекување од ситуации каде личниот однос или финансискиот интерес во друга компанија може да влијае врз начинот на кој донесуваме одлуки на нашите работни места.

(Списокот продолжува подолу) ↓



Со сфаќање дека конфликт на интерес може да постои дури и ако сме убедени дека надворешниот однос нема да влијае врз нашите одлуки.



Кога ќе се појават конфликти на интерес, ги обелоденуваме и бараме совет или одобрение.



Пред преземање надворешна работа, се уверуваме дека работата не им штети на деловните интереси на Microsoft, ниту пак ги крши договорите за вработување што сме ги потпишале.

Дознајте повеќе така што ќе кликнете на врските подолу ↓

**Конфликти на интерес**
(само за интерна употреба) >

**Политика за надворешна работа**
(само за интерна употреба) >

**Алатка за одобрување конфликти на интерес**
(само за интерна употреба) >

# ДОВЕРБА

## КАЈ НАШИТЕ ИНВЕСТИТОРИ И ЈАВНОСТА


Не пренесувајте инсајдерски информации 37

Одржувајте точна евиденција и договори 39

Информирајте ја јавноста точно 41

Штитете ги ресурсите на Microsoft 43

Заштитувајте ги доверливите информации и ИС 44




**При донесување одлуки, запрашајте се: дали ова го зајакнува или му штети на реномето на Microsoft кај инвеститорите и јавноста?**

Нашите инвеститори мора да имаат доверба дека ќе создадеме вредност за нив на одговорен и разумен начин.

Стекнете ја нивната доверба со заштита на нашите вредности и информации, точно наведувајќи каде сме насочени како компанија и искрено информирајќи ги нив и јавноста.

# НЕ ПРЕНЕСУВАЈТЕ
## ИНСАЈДЕРСКИ ИНФОРМАЦИИ



**За да ја задржиме довербата кај нашите инвеститори и јавноста, ги почитуваме законите за хартии од вредност, што значи дека не тргуваме додека поседуваме материјални, нејавни информации.**

Во нашата работа, може да добиеме сознание за материјални, нејавни информации за Microsoft или компании со кои работиме. Информациите се „материјални“ ако законски инвеститор би ги сметал за важни во одлучувањето дали да купи или продаде хартии од вредност на одредена компанија. Информациите се „нејавни“ ако не се во целост пренесени до јавноста што инвестира.

Тргувањето со акции на Microsoft или акции на која било друга компанија врз основа на овие информации не само што ја нарушува довербата кај нашите инвеститори и јавноста, туку е и незаконско, ја прекршува политиката на компанијата и е нефер кон другите инвеститори.

Дознајте повеќе така што ќе кликнете на врските подолу ↓

Политика за инсајдерско тргување (само за интерна употреба) >

Политика за ограничен интервал за тргување (само за интерна употреба) >



# <Како ја градиме довербата>

Со тоа што никогаш не купуваме или продаваме хартии од вредност врз основа на материјални, нејавни информации на Microsoft или информации добиени преку нашата работа.

Со тоа што никогаш не даваме „совет“ на некој друг (на пример, пријател, брачен другар или брокер) во однос на материјални, нејавни информации.

Со тоа што никогаш не му препорачуваме или предлагаме на некој друг да тргува со хартии од вредност врз основа на материјални, нејавни информации од Microsoft или информации добиени преку нашата работа, дури и ако самите не ги споделуваме тие информации.



# ОДРЖУВАЈТЕ ТОЧНА
## ЕВИДЕНЦИЈА И ДЕЛОВНИ ЗДЕЛКИ

**Нашата евиденција е јасна, точна и целосна.**

Инвеститорите се потпираат на точни и лесно разбирливи информации за да ги разберат нашите финансиски резултати и каде сме насочени како компанија, и за да имаат доверба во таа насока.

Одржувањето точна евиденција е важно за задржувањето на довербата на инвеститорите, донесувањето добри деловни одлуки и исполнувањето на нашите регулаторни обврски како јавна компанија.





# <Како одржуваме точна евиденција и деловни зделки>

Чесно и точно водиме евиденција и даваме извештаи за финансиските трансакции и деловните информации, следејќи ги важечките закони, прописи и сметководствени практики

Ние сме транспарентни за нашите обврски кон нашите партнери и клиенти и нашите писмени договори ја отсликуваат реалната економика на зделката.

Не правиме споредни договори или други „тајни“ договори

Кога задржуваме или се ослободуваме од документи, ги следиме воспоставените корпоративни барања за задржување кои ги исполнуваат нашите законски обврски и долгорочни деловни потреби.

Вршиме финансиски трансакции само со соодветно овластување и ги евидентираме во согласност со сметководствените практики на Microsoft.

ГИД, главниот финансиски директор, корпоративниот контролор и другите вработени во финансиската организација се усогласени со финансискиот кодекс на професионално однесување.

Користиме стандардни договори и процеси на склучување договори или бараме одобрение за посебни услови.

## Дознајте повеќе така што ќе кликнете на врските подолу ↓

**Финансиски кодекс на професионално однесување** (само за интерна употреба) >

**Политика за посебни и споредни договори** (само за интерна употреба) >

**Политика за задржување документи** (само за интерна употреба) >



# ИНФОРМИРАЈТЕ ЈА ЈАВНОСТА

ТОЧНО

**Нашите јавни изјави и информации се искрени и не наведуваат погрешно.**

Важно е тоа што го кажуваме и како го кажуваме. Ќе ја стекнеме и зачуваме довербата на нашите инвеститори и на јавноста само ако тие знаат дека може да се потпрат на нас за тоа што им го кажуваме.



## <Како ја информираме јавноста точно>

Вршиме целосни, точни и навремени финансиски обелоденувања во извештаите и документите што ги поднесуваме во Американската комисија за хартии од вредност и берзанско работење и во други јавни изјави.

Гарантираме дека сите информации за нашите производи и услуги се искрени и точни.

Внимателно ги слушаме повратните информации и прашањата од инвеститорите и другите чинители.

Ако даваме поддршка за нашите производи и услуги на социјалните мрежи, јасно ја означуваме поврзаноста со нашата компанија и го наведуваме нашето искрено мислење за поддржаниот производ или услуга.

Не зборуваме во името на компанијата освен ако не сме овластени да го правиме тоа, ги упатуваме прашањата од аналитичарите и медиумите до одделот за односи со инвеститорите или одделот за односи со јавноста.

Нашите рекламни и промотивни материјали се точни и не содржат лажни тврдења.



### Дознајте повеќе така што ќе кликнете на врските подолу

**Политика за обелоденување финансиски информации**
(само за интерна употреба)

**Политика за јавно застапување**
(само за интерна употреба)

**Упатства за социјалните мрежи**
(само за интерна употреба)



# ШТИТЕТЕ ГИ
## РЕСУРСИТЕ НА MICROSOFT

Ние сме одговорни надзорници на ресурсите на Microsoft. Ги користиме ресурсите и парите на компанијата за да ги вршиме нашите работи секој ден. Овие ресурси му припаѓаат на Microsoft; им должиме на нашите инвеститори да ги користиме одговорно и на начини кои ја зачувуваат довербата и додаваат вредност.

## <Како ги штитиме ресурсите на Microsoft>

Со сфаќање дека податоците поврзани со работата се сопственост на Microsoft и дека до нив може да се пристапи, и тие може да се зачуваат и прегледаат во согласност со нашите политики и важечките закони.

Со мудро трошење на средствата на Microsoft и со заштита од залудно трошење и злоупотреба.

Со користење на нашите корпоративни сметки и услуги, не лични сметки или услуги, за деловна комуникација и податоци.

Со примена на добро расудување при користење на технолошките ресурси дадени од компанијата и со нивно користење за лични потреби во согласност со политиката на компанијата и само ако тоа не ги попречува нашите работни одговорности или ако не ѝ штети на работната средина.

**Дознајте повеќе така што ќе кликнете на врските подолу ↓**

**Политика за одговорно користење на технологијата**
(само за интерна употреба)

**Политика за трошоци**
(само за интерна употреба)

# ЗАШТИТУВАЈТЕ ГИ ДОВЕРЛИВИТЕ ИНФОРМАЦИИ

## И ИНТЕЛЕКТУАЛНАТА СОПСТВЕНОСТ

**Ги штитиме и почитуваме деловната вредност на информациите и идеите, без разлика дали тие припаѓаат на Microsoft или на друга компанија.**

Може да ја загубиме нашата конкурентска предност ако ги откриеме доверливите информации на Microsoft.

Ја губиме довербата ако ги откриеме доверливите информации што ги дознаваме од компаниите со кои работиме. Заштитата на информациите и идеите, без разлика дали се наши или на други, е важна за нашиот деловен успех и го гради нашето реноме како доверлив партнер.



# <Како ги заштитуваме доверливите информации и ИС>

Со користење најдобри практики за заштита на пристапот до доверливите информации и со избегнување да се разговара за нив во заеднички простори или со колегите кои не треба да ги знаат.

Со некористење на доверливите информации за деловна употреба што не е поврзана со Microsoft и со задржување на доверливоста дури и ако престанеме да работиме за Microsoft.

Со зачувување на сопствените права на интелектуална сопственост на Microsoft преку авторски права, заштитни знаци и други форми на интелектуална сопственост што ја штитат вредноста на нашите пронајдоци.

Со почитување на доверливоста и правата на интелектуална сопственост на другите и со некористење на доверливите информации на другите без овластување.

Со некористење или некопирање на материјали со авторски права на трети страни, како што се софтвер, видеоснимки и музика, без лиценца или дозвола од CELA.

**Дознајте повеќе така што ќе кликнете на врските подолу** ↓

**Политика за доверливи информации** (само за интерна употреба) >

**Политика за авторски права** (само за интерна употреба) >

# ДОВЕРБА

## КАЈ НАШИТЕ ЗАСТАПНИЦИ


Користете доверливи застапници 47

Однесувајте се кон подароците, гостопримството и патувањата одговорно 49

Бирајте снабдувачи со интегритет 51




**При донесување одлуки, запрашајте се: дали ова ќе го зајакне нашиот долгорочен работен однос со нашите застапници и клиенти?**

Се држиме до високи етички стандарди и очекуваме нашите застапници, кои се партнерите, продавачите, консултантите и други компании кои работат во наше име, да ги исполнат стандардите што ние ги поставуваме.

Ние стекнуваме доверба кај нашите застапници кога им враќаме вредност **и не бараме од нив да направат нешто што ние не би го направиле.**

КОРИСТЕТЕ

# ДОВЕРЛИВИ ЗАСТАПНИЦИ

**Се стремиме да користиме чесни, етички застапници кои се посветени на извршување на работата на етички начин при работењето во наше име.** Нашата работа се потпира на голема мрежа на застапници – како што се партнерите, продавачите и консултантите – за успех.

Нивните дела се одразуваат врз реномето на нашата компанија исто како и нашите. Кога нашите застапници ја вршат работата со интегритет, ја задржуваме и зајакнуваме довербата што сме ја изградиле кај нашите клиенти и јавноста.







## <Како користиме доверливи застапници>



Со разбирање на квалификациите и реномето на нашите застапници пред да ги ангажираме да работат во наше име.



Со разбирање на причините за вклучување на одреден застапник во работа или деловна зделка, и тоа само таму каде што е соодветно.



Со развивање на довербата кај нашите застапници и со тоа што никогаш не бараме или предлагаме да прават нешта кои не се дозволени со законите или со нашите политики.



Со тоа што не вршиме притисок врз партнерите или препродавачите да доставуваат нарачки за производи или услуги кои не ги сакаат или не им требаат, и со тоа што не им се одмаздуваме ако одбијат да го направат тоа.



Со пријавување знаци дека одреден застапник можеби е вклучен во коруптивно или неетичко однесување при застапувањето на Microsoft.

**Дознајте повеќе така што ќе кликнете на врските подолу ↓**

**Политика за доверливи застапници**
(само за интерна употреба) >

**Политика за етичка продажба**
(само за интерна употреба) >

# ОДНЕСУВАЈТЕ СЕ КОН ПОДАРОЦИТЕ, ГОСТОПРИМСТВОТО И ПАТУВАЊАТА ОДГОВОРНО

**Се стремиме да покажеме темелно расудување и воздржаност при размена на деловни знаци на внимание.**

Давањето и примањето подароци, гостопримство и патувања може да изгради силни работни односи и добра волја меѓу Microsoft и оние кои работат со нас.

Но, подароците, оброците или патувањата кои се скапи или кои немаат транспарентност или легитимна цел може да се сметаат како поткупи или едноставно како несоодветни. Овие работи ја трошат довербата и ѝ штетат на нашата работа.



# <Како се однесуваме кон подароците, гостопримството и патувањата одговорно>

Со развивање позитивни односи без корупција или комерцијално поткупување.

При нудење или прифаќање подароци, гостопримство или патување, со тоа што се уверуваме дека се разумни, соодветни и имаат легитимна деловна цел.

Со тоа што не бараме подароци, гостопримство или патувања од трети страни, ниту пак ги тераме да чувствуваат одговорност да пружат нешто за да работат со нас.

Со тоа што не бараме од застапник, како што е партнер или снабдувач, да дава подароци, гостопримство или патувања во наше име.

Со тоа што не даваме ниту примаме готовина.

## Дознајте повеќе така што ќе кликнете на врските подолу ↓

**Политика за давање подароци, гостопримство и патувања на комерцијални приматели** (само за интерна употреба)

**Политика за примање подароци, гостопримство и патувања** (само за интерна употреба)

**Политика за давање подароци, гостопримство и патувања на владини службеници** (само за интерна употреба)

БИРАЈТЕ СНАБДУВАЧИ
# СО ИНТЕГРИТЕТ

Се потпираме на односите со нашите снабдувачи за нашиот успех. За да ја постигнеме нашата мисија, ни требаат снабдувачи кои се посветени исто како и ние на градење на довербата кај нашите клиенти, кои ќе вршат одлична работа и кои ќе ги следат законите.



## <Како бираме снабдувачи со интегритет>



Со бирање на најдобрите снабдувачи за работата и со внимателно земање во предвид на нивните докази за успешно работење, реноме за интегритет и други квалитети - не врз основа на фаворизирање.

Со тоа што работиме да ги елиминираме детскиот труд, трговијата со луѓе и други злоупотреби на трудот во нашиот синџир на снабдување.

Дознајте повеќе така што ќе кликнете на врските подолу ↓

**Политика за склучување договори со снабдувачи**
(само за интерна употреба) ›

**Политика за набавки**
(само за интерна употреба) ›



# ПОЧИТУВАЊЕ НА НАШИОТ TRUST CODE

## ОДГОВОРНОСТИ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Од вработените се очекува да го почитуваат овој кодекс на доверба, политиките на Microsoft и законите. **Тоа значи дека морате:**

**Да го прочитате, разберете и да се усогласите со овој кодекс на доверба** и со политиките, законите и прописите кои важат за вашата работа.

**Да проговорите отворено** кога гледаме можни прекршувања на кодексот на доверба, политиките на Microsoft и законските и регулаторни барања.

**Да бидете искрени и целосно да соработувате со интерните истраги**. Не кријте ниту пак уништувајте информации.

**Да ја завршите обуката за кодексот на доверба и да потврдите дека разбирате и се обврзувате да се усогласите со кодексот на доверба**. Тоа што нема да го прочитате или потврдите кодексот на доверба не ве ослободува од овие одговорности.

Microsoft

Стандардите за деловно однесување на Microsoft и неговата програма за усогласеност и етика се одобрени и имаат целосна поддршка од бордот на директори на Microsoft. Бордот на директори и раководството се одговорни за надгледување на програмата за усогласеност и етика и на усогласеноста со овие стандарди. Овие стандарди важат за Microsoft, неговиот борд на директори и сите вработени, директори, извршни директори на Microsoft.

Кога зборуваме за „Microsoft", мислиме на Microsoft Corporation и сите негови подружници и филијали во кои што директно или индиректно поседува повеќе од 50 % од правото на глас. Референците за „вработени" ги вклучуваат бордот на директори, вработените, директорите и извршните директори на Microsoft.

Само бордот на директори може да изземе одредба од овие стандарди за директор или извршен директор. Секое изземање што му е доделено на директор или извршен директор ќе биде јавно обелоденето според барањата за заведување на NASDAQ и важечките закони, правила и прописи.

Овие стандарди се важни за нас. Прекршувањето на овие стандарди може да доведе до дисциплински мерки, вклучувајќи и прекин на работниот однос. Од вработените се очекува секогаш да користат здрав разум и добро расудување и да делуваат одговорно, без оглед на постоењето политика што забранува одредено однесување.

**Проговорете отворено кога нешто не е во ред за да можеме да го решиме проблемот.**

Пријавете проблем со интегритетот >

TRUST CODE

СТАНДАРДИ НА MICROSOFT ЗА ДЕЛОВНО ОДНЕСУВАЊЕ

©Microsoft 2023